# Здружение за обезбедување социјални услуги - СОЦИО

**Годишен Извештај за работата на СОЦИО**

…………………………………….

Година 2023

# Содржина

Вовед....................................................................................................................................4

1. Усогласеност на услугата на СОЦИО со законските регулативи, статутот на организацијата ............5

2. Испорака на обуки за негувателките и членовите на Здружението ....................................................5

3. Опис и број на корисниците за кои е наменета социјалната услуга во 2023година...........................7

4.Опис на активности кои ги предвидува социјалната услуга...................................................................8

5. Редовно следење на испорака на социјалната услуга.........................................................................10

**Визија:**

***Унапредена социјална кохезија преку квалитетни и достапни услуги за сите ранливи категории на граѓани за нивен достоинствен живот.***

**Мисија:**

***Обезбедување на директна помош и услуги на ранливите категории на граѓани, подигање на јавната свест за нивните социјални потреби и застапување на нивните интереси пред надлежните институции.***

## Слоган на СОЦИО

УСЛУГА ДОМА ЗА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ!

# Вовед

Обезбедувањето грижа за лицата кои им е потребна и на нивните семејства на територија на општина Гостивар претставува голем предизвик. Услугата помош и нега во домот со која се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, за лица со намален, значително намален или со целосно отсутен функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, не беше достапна во општината.

Оттука, главна причина поради која се основа сервисот за социјални услуги е недостаток од ваков сервис на територијата на општина Гостивар. Во самата општина лицата кои имаат потреба од палијативна нега или се оставени на самите себе или на грижа од страна на најблиските роднини. Здружението за обезбедување социјални услуги - СОЦИО беше основано на 26.01.2022, со поддршка на Програмата на УНДП за создавање можности за работа за сите.

Здружението е регистрирано Согласно Законот за здруженија и фондации 10.09 – останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани. Приоритетна дејност: 88.99 – Останати дејности од социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место

СОЦИО има обезбедено канцелариски простор, кој е во централното градско подрачје, лесен за наоѓање и информирање. Здружението ја има и неопходната опрема за работа: биро, столици, компјутер и печатач. Истовремено Здружението располага и со соодветна опрема за негователките, ранци, апарати за мерење притисок, шеќер, топломери итн. Во редовен работен однос се координаторката на здружението и три негувателки за испорачување на услугата помош и нега во домот.

Заклучно со подршката на УНДП до септември 2023 услугата помош и нега во домот беше обезбедена за 25 корисници кои живеат на подрачје на општина Гостивар, испорачана од три негувателки.

Здружението се стекна со Решение, односно Дозвола за вршење дејност во социјалната заштита, обезбедување на услугата – ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ од страна на 3 сертифицирани негуватели и 1 координатор (арх број 10-1612/7 од 25.05.2023). Здружението склучи Управен договор со Министерството за труд и социјална политика на 04.08. 2023 и Анекс на договорот на 22.08. 2023 за обезбедување на услугата помош и нега во домот во периодот од 01.10. 2023 до 31.12.2023. Од октомври 2023 согласно Управниот договор, услугата помош и нега во домот се обезбедува за 13 корисници, со решение од ЈУ ЦСР Гостивар. Дополнително, Здружението поднесе барање за проширување на лиценцата со нови негуватели. На 15.11.2023 од страна на МТСП е добиено Решение за изменување на Решение под број 10-1612/7 од 25.05.2023), за вршење дејност во социјалната заштита за обезбедување на социјалната услуга – ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ од страна на 19 негуватели и 1 координатор (арх. број 10-1612/14).

## 1. Усогласеност на услугата на СОЦИО со законските регулативи, статутот на организацијата

Согласно Законот за социјална заштита од 2019 година се зајакнуваат социјално-заштитни активности на локално ниво за претставници од: општините, планските региони, центрите за социјална работа, центрите за вработување, училишта, установи за социјална заштита и здруженија на граѓани.

Услугата е услогласена со член **70 од Законот**, точка 4: Услуги во домот. **Член 74**, кој што ги дефинира услугите: Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Понатаму, **Член 75:** Со услугата помош и нега во домот, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Корисници на услугата се: лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот. **Член 77:** Услугата помош и нега во домот и лична асистенција се обезбедува за лице кое нема склучено договор за доживотна издршка, односно покренало постапка за раскинување на склучен договор за доживотна издршка. Услугата помош и нега во домот, покрај условите од ставот 1 на овој член, се обезбедува на лице на кое помошта во домот не можат да ја обезбедат неговиот брачен другар, родителите или децата, поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост.

<u>Услугата е усогласена со Член 2 од Статутот на Здружението за обезбедување социјални услуги СОЦИО, кадешто е наведено дека здружението поведува иницијативи и учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките, решавање на општествените предизвици во областа на социјалната заштита. Промовира, информира и реализира активности за унапредување на социјалните услуги во заедницата.</u>

## 2. Испорака на обуки за негувателките и членовите на Здружението

Здружението има вработено три негувателки. Негувателките поминаа соодветна обука и се стекнаа со верифицирана диплома од ЈУ Центар за образование на возрасни.
Дополнително со проширувањето на лиценцата, СОЦИО располага со вкупно 19 негуватели кои ќе бидат ангажирани од следната година.
Здружението постојано работи на јакнење на капацитетите на тимот на негувателки. На 29 септември 2023, во просториите на Граѓански ресурсен центар во Гостивар беше испорачана обука за мониторинг и евалуација на социјалните услуги. За време на обуката беа испорачани упатства за пристапот, изворите на податоци и техниките на мониторинг, планирање и евалуација на социјалните услуги, согласно пропишаните нормативи и стандарди од областа на социјалната заштита.

Процедурите за мониторинг и евалуација на социјалните услуги се од клучно значење за СОЦИО како лиценциран давател на социјални услуги со цел обезбедување точен увид во спроведувањето на услугата помош и нега во домот, согласно законски пропишаните стандарди за спроведување на услугата.






*Фотографии од обуката за мониторинг на социјалните услуги*

На 20-21 ноември 2023 се одржа работилница со вработените на СОЦИО, која беше одржана од експерт за односи со јавноста и комуникација. За време на работилницата се работеше на развивање на комуникациска стратегија. Комуникациската стратегија е продукт на заложбите на Здружение за обезбедување социјални услуги – СОЦИО за подобрување на видливоста и транспаретноста во работата, како и имплементирање на активности за подобрување на социјалните услуги во заедниците, конкретно во општина Гостивар. Преку овој документ СОЦИО ќе креира силни врски со релевантни институции, медиуми и целните групи, а воедно ќе ги промовира социјалните права, значајни за граѓаните и ќе ги подобри нивните услови за живот. Овој документ ќе и помогне на организацијата да воспостави одржлив систем на комуникација со сите засегнати страни при пренесување на информации на здружението во директно обраќање до целните групи, како и обраќање преку националните и локалните медиуми и преку социјалните мрежи.





*Фотографии од работилницата за комуникациска стратегија*

## 3. Опис и број на корисниците за кои е наменета социјалната услуга во 2023 година

Корисници на услугата се лица со намален, значително намален и целосно отсутен функционален капацитет, кои не можат сами да се грижат за себе и живеат во сопствен дом. Во периодот до септември 2023, согласно договорот со УНДП, беше обезбедена нега на 25 лица на кои им е потребна палијативната нега.

Селекцијата беше направена врз основа на препораките од Центарот за социјална работа во Гостивар, матични лекари, Црвениот крст на општина Гостивар, контакти од блиски роднини на корисниците. При селекцијата водено е сметка да се вклучат лица со трајно намален функционален капацитет. Истите имаат напреден стадиум на болеста и не се очекува дека нивно излекување е од особено значење. На овие лица им е неопходна помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности.
Предност при селекцијата имаа лицата кои живеат сами или повремено ги посетуваат најблиските роднини. Водено е сметка и за рамномерна географска дистрибуција, односно вклучени се лица кои живеат во централното градско подрачје и периферијата на градот (приградски населби).

Во периодот од 1 октомври 2023 согласно Управниот договор со МТСП, СОЦИО опслужува 13 корисници со 3 негувателки. На месечно ниво се испорачани 480 часови. Основата за вклучување на корисниците е токму упатувањето, барањето за прием од страна на Центарот за социјална работа , или од корисник или претставник/старател и донесеното решение.

Од вкупно 13 корисници, 7 се жени, 6 мажи. Според возраст корисниците се од 61 – 85 годишна возраст. 7 корисници имаат по 40 часа месечно, 3 корисници по 30 часови и по еден корисник има по 10, 20 и 80 часа.







*Фотографии од негувателките и корисниците*

## 4.Опис на активности кои ги предвидува социјалната услуга

Социјалната услуга е организирана согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги. Палијативната нега претставува грижа за пациентите кои имаат напреден стадиум на болеста и кај кои не се очекува дека нивно излекување е од особено значење. Целта на палијативната нега е да го подобри квалитетот на животот, да се ублажат симптомите и несаканите ефекти од терапијата.

Со услугата помош и нега во домот се обезбеди помош за остварување на основни и инструментални активности од секојдневниот живот на корисникот.

Основни активности од секојдневниот живот се: одржување лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет и менување пелени и подлоги во случај на континенција.

Инструментални активности од секојдневниот живот се: поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија, користење телефон и помош во управување со буџет.

Помошта за остварување на основните активности од секојдневниот живот на корисникот вклучува:

- помош при миење лице, раце и заби, миење коса, бањање, чешлање, бричење, сечење нокти и сл.;
- помош при облекување и соблекување;
- помош при вршење на физиолошки потреби, помош за да стигне до тоалет, да се исчисти по користењето или помош при користење лопатка во кревет или мобилен тоалет;
- помош при движење во и околу домот;
- помош при хранење и
- помош при менување пелени и подлоги

Помошта за остварување на инструменталните активности од секојдневниот живот на корисникот вклучува:

- помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството, помали поправки,
- посредување заради поправки на водоводни, електрични и други инсталации, столарија,
- молерисување и други услуги, помош во ложење печки на дрва и чистење на пепел,
- вршење на полесни домашни задачи како што се миење садови, местење кревет, менување постелнина и слично;
- помош во перење, сушење и пеглање облека и одржување обувки и слично;
- помош при планирање, подготвување, загревање и послужување на соодветни оброци и пијалоци;
- помош при вршење помали и поголеми набавки на храна, пијалоци, облека, обувки, весници и слично;
- помош заради надворешна мобилност: помош при движење надвор од домот,
- користење јавен превоз, превоз со такси-возила и слично;
- помош при администрирање на лекови во соодветно време и доза, третирање полесни рани и преврски, контрола на витални функции како што се крвен притисок, телесна температура, ниво на шеќер во крвта и слично;
- помош при користење телефон и други уреди, помош при наоѓање и бирање броеви, јавување на телефон, користење радио, телевизор, компјутер и слично; и
- помош при управување на буџетот, плаќање сметки, одење во банка и слично.

Активностите се насочени кон одржување и унапредување на квалитетот на живот на корисниците – палијативна нега. Координаторот на здружението е одговорен за непосредно раководење, проценка на потребите на корисниците и координација на работата. Додека пак, активностите за корисниците ги реализираат негувателите – со завршена обука по акредитирана програма за пружање услуги и помош во домот.

## 5. Редовно следење на испорака на социјалната услуга

Процедурите за мониторинг и евалуација на социјалната услуга се засноваат на минималните стандарди што го претставуваат основниот квалитет за услугата што мора да се обезбеди - основни и инструментални активности од секојдневниот живот на корисникот.
Минималните структурни стандарди се однесуваат на материјалот (инфраструктурен), кадровски и организациски аспекти на услугата.
Минималните функционални стандарди се однесуваат на професионални процедури и активности.
Спроведувањето на активностите, помош и нега во домот, е редовно следено од страна на Претседателот и Извршниот Одбор на СОЦИО. Текот на спроведувањето, е предмет на редовно неделно известување во рамки на неделни состаноци на тимот на СОЦИО. Целта на ваквото неделно известување е да се следи напредокот, да се превземаат соодветни акции како и да се ажурираат плановите за работа. Активностите се следат преку следните методи:

- Записници од состаноците;
- Прашалници;
- Евалуациони форми;
- Директен фид-бек од корисниците и нивните законски претставници;

Континуираното следење и евалуација на спроведувањето на активностите со корисниците на услугата помош и нега служи за да се укаже на можните отстапувања од планираните активности или можните тешкотии и предизвици за да веднаш истите се адресираат со преземање корективни мерки.





*Фотографии од редовните координативни состаноци*

| **Контакт информации:** |
|---|
| Здружение за обезбедување социјални услуги “СОЦИО” - Гостивар |
| ул.Браќа Ѓиноски. Бр 1, Општина Гостивар |
| Е-маил: drobnjak.marija@hotmail.com |
| Телефонски број: 077995771 |